Бр:10-17

Скопје: 24.02.2021

Врз основа на член 10 и член 15 од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10), а постапувајќи по Известувањето за планирано доделување на помош бр. 10-17 од 17.02.2021 година, согласно Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2021 година поднесено од Министерството за економија бр. 18-634/2 од 17.02.2021 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата на седницата одржана на 24.02.2021 година го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

Комисијата за заштита на конкуренцијата при испитување на Известувањето за планирано доделување на помош бр. 10-17 од 17.02.2021 година, поднесено од страна на Министерството за економија, како давател на државна помош, за планирано доделување на помош преку Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2021 година, утврди дека:

Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2021 година претставува **шема на помош** согласно член 4 став (1) точка 1 од Законот за контрола на државната помош.

1. Мерката 1 од дел II, област А. **Поддршка и развој на микро, мали и средни претпријатија и занаетчиство** од Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2021 година под наслов **Развој и поддршка на претприемништвото, ММП и занаетчиството во вкупен износ од 42.700.000 денари** која ќе се реализира преку следниве активности:

1.1.Финансиска поддршка за микро и мали претпријатија во вкупен износ од 30.700.000 денари при што предмет на мерката е субвенционирање на микро и мали претпријатија кои вработуваат над две лица преку субвенционирање на 50% од докажаните трошоци, но не повеќе од 400.000 денари вкупно по апликант, направени за набавка на машини и алати и набавка и инсталација на фотоволтаични панели – затворен систем;

1.2.Финансиска поддршка за женско претприемништво во вкупен износ од 4.000.000 денари, при што предмет на мерката е субвенционирање на претпријатија во сопственост на жени (над 50%) и управувани од жени, преку кофинансирање на 80% од докажаните трошоци но не повеќе од 150.000 денари, направени за следниве намени:

- набавка на опрема и алати;
- уредување / подобрување на деловниот простор и
- воведување на софтверски решенија (50% од докажаните трошоци, но не повеќе од 60.000 денари) и

1.3.Финансиска поддршка за подобрување на вредносните синџири во вкупен износ од 2.000.000 денари, при што предмет на мерката е надоместување на дел од трошоците на деловните субјекти за инвестиција во опрема и алати наменета за нивните локални добавувачи со кои ќе им се подобри продуктивноста преку кофинансирање на 50% од докажаните трошоци на деловните субјекти, но не повеќе од 200.000 денари поединечно за секој апликант и

1.4. Субвенционирање на трошоци на занаетчии во вкупен износ од 6.000.000 денари, при што предмет на мерката е субвенционирање на занаетчии преку кофинансирање 60% на докажаните трошоци, но не повеќе од 120.000 денари, направени за следните намени:

- набавка на опрема и алати и
- уредување /подобрување на деловниот простор

претставува **помош од мало значење (de minimis)** во смисла на член 4 став (1) точка 4) од Законот за контрола на државната помош и член 4 од Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis) („Службен весник на Република Македонија" бр. 141/11) и истата **не претставува државна помош** согласно член 9 став (1) од Законот за контрола на државната помош. Доделувањето на помошта од мало значење (de minimis) треба да се врши во согласност со Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis).

2. Мерката 2 од дел II, област А. **Поддршка и развој на микро, мали и средни претпријатија (ММСП) и занаетчиство** од Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2021 година под наслов **Развој и поддршка на интернационализацијата на ММСП во вкупен износ од 4.000.000 денари** која ќе се реализира преку следниве активности:

2.1. Надоместување на дел од трошоците на деловните субјекти за сертификација на системи за квалитет според ISO стандарди во вкупен износ од 2.000.000 денари при што предмет на мерката е надоместување на дел од трошоците на деловните субјекти за сертификација на системи за квалитет според ISO стандарди и тоа 50% од докажаните трошоци на деловните субјекти, но не повеќе од 200.000 денари поединечно за секој апликант, претставува **државна помош** во смисла на член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош, која како **хоризонтална помош** во смисла на член 4 став (1) точка 14) од Законот за контрола на државната помош и како **шема на помош** во смисла на член 4 став (1) точка 1) од Законот за контрола на државната помош ја доделува Министерството за економија, при што доделувањето на истата е дозволено како помош за **иновативни советодавни услуги и за услуги**

**за иновативна поддршка** согласно член 8 став (2) точка д) од Законот за контрола на државната помош и член 11 од Уредбата за условите и постапката за доделување на хоризонтална помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 03/14);

2.2. Финансиска поддршка за сертифицирање на ХАЛАЛ систем во вкупен износ од 2.000.000 денари при што предмет на мерката е финансиска поддршка за сертифицирање на ХАЛАЛ систем, и тоа 60% од докажаните трошоци на деловните субјекти, но не повеќе од 200.000 денари поединечно за секој апликант, **е државна помош на која не се применува Законот за контрола на државната помош** согласно член 3 став (2) од истиот бидејќи се доделува во областа на земјоделството и рибарството.

3. Мерката 3 од дел II, област А. **Поддршка и развој на микро, мали и средни претпријатија и занаетчиство** од Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2021 година под наслов **Поддршка за стручно оспособување на вработените во ММСП во вкупен износ од 3.300.000 денари** која ќе се реализира преку следниве активности:

3.1 Кофинансирање на дел од трошоците на претпријатија за купување на опрема, инструменти, алат кои ќе послужат и ќе се користат исклучиво за обука, настава на лица за стекнување на вештини и квалификации во вкупен износ од 3.000.000 денари, при што предмет на мерката е кофинансирање на дел од трошоците на приватни претпријатија акредитирани од страна на Центарот за едукација на возрасни за организирање на обуки и настава за дел од трошоците за купување на опрема, инструменти, алат кои ќе послужат и ќе се користат исклучиво за обука, настава на лица за стекнување на вештини и квалификации и тоа 60% од докажаните средства но не повеќе од 500.000 денари поединечно по апликант претставува помош од мало значење (de minimis) во смисла на член 4 став (1) точка 4) од Законот за контрола на државната помош и член 4 од Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis) („Службен весник на Република Македонија„ бр. 141/11) и истата не претставува државна помош согласно член 9 став (1) од Законот за контрола на државната помош. Доделувањето на помошта од мало значење (de minimis) треба да се врши во согласност со Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis) и

3.2 Кофинансирање на трошоци на вработени во ММСП и на занаетчии за учество на обуки во вкупен износ од 300.000 денари, при што предмет на мерката е кофинансирање на дел од трошоците за едукација на вработените лица во ММСП и на занаетчии за учество на обуки организирани од верифицирани установи и институции акредитирани од страна на Центарот за едкукација на возрасни, при што со мерката ќе се кофинансираат трошоци во висина од 60% од докажаните трошоци, но не повеќе од 10.000 денари по апликант

претставува **државна помош** во смисла на член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош, која како **хоризонтална помош** е дозволена како **помош за обука** согласно член 8 став (2) точка д) од Законот за контрола на државната помош и член 35 од Уредбата за условите и постапката за доделување на хоризонтална помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 03/14).

**Се задолжува** Министерството за економија како надлежна за имплементирање на обласста А. Поддршка и развој на микро, мали и средни претпријатија и занаетчиство од Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2021 година да води сметка истиот корисник на државна помош за иста намена да не добива државна помош од два различни извори поради фактот што таквата помош не е дозволена.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 10 од Законот за контрола на државната помош (во натамошниот текст: ,,Закон"), Комисијата за заштита на конкуренцијата (во натамошниот текст ,,Комисија") е надлежна за оцена и надзор на секој облик на државната помош.

Притоа, секој давател на државна помош дефиниран во член 6 став (1) од Законот е должен, според член 13 став (1) од Законот, до Комисијата да достави известување за секој план за доделување на нова или промена на постојната државна помош, без оглед дали истата се доделува како индивидуална помош или како шема на помош.

Постапувајќи во согласност со обврската за известување, Министерството за економија до Комисијата достави Известување бр. 18-634/1 од 03.02.2021 година (Наш бр. 10-17 од 03.02.2021 година) за планирано доделување на државна помош за 2021 година врз основа на Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2021 година.

Заради недоставување на Програмата за конкурентност, иновации и претпримништво за 2021 година но и одредени прецизирања во делот на пополнетото Известување, Комисијата побара од Министерството за економија да ја достави горенаведената Програма и да ги пополни со попрецизни податоци дел од точките на Известувањето.

Министерството за економија постапи по барањето на Комисијата и ги достави потребните податоци од Известувањето како и Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2021 година (допис бр. 18-634/2 од 17.02.2021 година).

Комисијата оцени дека Известувањето доставено од страна на Министерството за економија е уредно и ги содржи сите податоци предвидени во член 14 став (1) од Законот односно дека таквото Известување по форма и содржина е во согласност со Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на државна помош, како и постапката за вршење надзор на постојната државна помош (,,Службен весник на Република Македонија,, бр. 142/11).

При испитување на доставената Програма за конкурентност, иновации и претприемништво за 2021 година, Комисијата ги оценуваше условите и намената за реализација на секоја од активностите предвидена во истата Програма за да утврди дали таквите активности претставуваат државна помош.

За да се утврди дали една мерка преземена од страна на давателите на државната помош претставува државна помош, се оценува исполнувањето на кумулативен начин на четирите следни критериуми:

- таквата мерка да опфаќа трансфер на државни средства;
- да биде селективна;
- да претставува економска поволност за примателот и
- да има влијание врз конкуренцијата и трговијата.

Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2021 година претставува шема на помош согласно член 4 став (1) точка 1) од Законот, бидејќи истата претставува правен акт врз основа на кој, без обврска за дополнително одобрување од Комисијата, може да се додели помош на корисници на државна помош кои не се однапред определени во шемата или секој правен акт врз основа на кој помош која не е поврзана со точно определен проект може да му се додели на едно или повеќе претпријатија за неопределен временски период и/или во неопределен износ.

Комисијата ги анализираше мерките содржани во Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2021 година, областа А. Поддршка и развој на микро, мали и средни претпријатија и занаетчиство, од аспект на тоа дали истите ги исполнуваат горенаведените четири кумулативни критериуми. При ваквата анализа Комисијата утврди дека мерката под број 1, точките 1.1, 1.2, 1.3 и 1.4 од областа А од Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2021 година претставува помош од мало значење (de minimis) во смисла на член 4 став (1) точка 4 од Законот, затоа што дел од трошоците за оваа намена кои ги надоместува Министерството за економија се во висина од 50% од докажаните троошоци, но не повеќе од 400.000 денари по апликант (точката 1.1. од мерката 1 – финансиска поддршка за микро, мали и средни претпријатија) односно до 80% од докажаните трошоци на деловните субјекти но не повеќе од 150.000 денари по апликант (точката 1.2. финансиска поддршка за женско претприемништво); или кофинансирање на 50% од докажаните трошоци на деловните субјекти но не повеќе од 200.000 денари (точката 1.3. финансиска поддршка за подобрување на вредносните синџири); како и надоместување на 60% од докажаните трошоци за субвенционирање на занаетчии, но не повеќе од 120.000 денари (точката 1.4. субвенционирање на трошоци на занаетчии). Тоа укажува дека е исполнет условот содржан во дефиницијата за помош од мало значење (de minimis) од член 4 став (1) точка 4 од Законот, според која помош од мало значење (de minimis) постои ако износот на доделената помош по корисник не надминува 200.000 евра за период од 3 години, односно вкупно 100.000 евра во областа на патниот сообраќај за период од 3 години. Вкупно за реализација на оваа мерка се предвидени 42.700.000 денари или 694.309 евра, односно 30.700.000 денари (499.187 евра) за реализација на мерката 1.1.; 4.000.000 денари (65.041 евра) за реализација на мерката 1.2; 2.000.000 денари (32.520 евра) за реализација на мерката 1.3 и 6.000.000 денари (97.561 евро) за реализација на мерката 1.4. Оттука, мерката 1 (точките 1.1, 1.2, 1.3 и 1.4) од дел II, област А од Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2021 година претставува помош од мало значење (de

minimis) во смисла на член 4 став (1) точка 4 од Законот и член 4 од Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis) („Службен весник на Република Македонија„ бр. 141/2011). Доделувањето на помошта од мало значење (de minimis) треба да се врши во согласност со Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis). Според член 9 став (1) од Законот, помошта од мало значење (de minimis) не е државна помош.

Мерката 2 од Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2021 година (развој и поддршка на интернационализација на ММСП) точката 2.1. под наслов надоместување на дел од трошоците на деловните субјекти за сертификација на системи за квалитет според ISO стандарди претставува хоризонтална помош во смисла на член 4 став (1) точка 14 од Законот, при што доделувањето на истата е дозволено како помош за иновативни советодавни услуги и за услуги за иновативна поддршка согласно член 8 став (2) точка д) од Законот и член 11 од Уредбата за условите и постапката за доделување на хоризонтална помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 03/14).

Мерката 2, точка 2.2. под наслов финансиска поддршка за сертифицирање на ХАЛАЛ систем, согласно член 3 став (2) од Законот се однесува на државна помош која се доделува во областа на земјоделство и рибарство и на таа помош не се применува Законот.

Мерката 3 од Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2021 година (поддршка за стручно оспособување на вработените во ММСП) точка 3.1. под наслов кофинансирање на дел од трошоците на претпријатија за купување на опрема, инструменти, алат кои ќе послужат и ќе се користат исклучиво за обука, настава на лица за стекнување на вештини и квалификации во вкупен износ од 3.000.000 денари (48.780 евра) при што предмет на финансиската поддршка е кофинансирање на дел од трошоците на приватни претпријатија акредитирани од страна на Центарот за едукација на возрасни за организирање на обуки и настава за дел од трошоците за купување на опрема, инструменти, алат кои ќе послужат и ќе се користат исклучиво за обука, настава на лица за стекнување на вештини и квалификации и тоа 60% од докажаните средства но не повеќе од 500.000 денари поединечно по апликант претставува помош од мало значење (de minimis) во смисла на член 4 став (1) точка 4) од Законот и член 4 од Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis) („Службен весник на Република Македонија„ бр. 141/11) и истата не претставува државна помош согласно член 9 став (1) од Законот. Доделувањето на помошта од мало значење (de minimis) треба да се врши во согласност со Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis).

Мерката 3.2 под наслов кофинансирање на дел од трошоците за едукација на вработените лица во ММСП во вкупен износ од 300.000 денари (4.878 евра), при што со мерката ќе се кофинансираат трошоци во висина од 60% од докажаните трошоци но не повеќе од 10.000 денари по апликант претставува државна помош во смисла на член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош, која како хоризонтална помош е дозволена како помош за обука согласно член 8 став (2) точка д) од Законот и член 35 од Уредбата за условите и постапката за доделување на хоризонтална

помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 03/14). Доделувањето на помошта во вид на хоризонтална помош за обука треба да се врши во согласност со Уредбата за условите и постапката за доделување на хоризонтална помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 03/14).

Вкупно за реализација на сите мерки од дел II, област А. Поддршка и развој на микро, мали и средни претпријатија и занаетчиство од Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2021 година се предвидени 50.000.000 денари (813.008 евра) од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, Потпрограма ДГ – Поддршка на развојот на мали и средни претпријатија, ставка 462, наменети за развој на микро, мали и средни претпријатија и занаетчиство.

Заради горенаведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Согласно член 26 став (3) од Законот за контрола на државната помош, тужбата не го одлага извршувањето на решението, освен во случај кога Комисијата за заштита на конкуренцијата ќе наложи враќање на незаконската или злоупотребената државна помош чие доделување не е дозволено.

**Правна поука**: Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Проф. Д-р Владимир Наумовски**